**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 03-165/1
28.3.2019 година
Скопје

Врз основа на член 11, став 1, точка 7 од Статутот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член 3, ставовите 2 и 3 од Правилникот за начинот и критериумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година и Одлуката на Деканатска управа на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје за распишување на интерен конкурс бр. 02-135/2 од 14.3.2019 година, се распишува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за доделување 5 (пет) стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доделува 5 (пет) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на студиските програми на Шумарски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1. Право да конкурираат имаат:
   1.1. редовни студенти без прекин во студирањето кои имаат запишано најмалку трет семестар во учебната 2018/2019 година,
   1.2. не запишале предмет по трет пат и во секој семестар освоиле најмалку 50 % од запишаните кредити,
   1.3. постигнале среден успех од најмалку 7.50, заклучно со есенскиот испитен рок во учебната 2017/2018 година.
2. Висината на стипендијата изнесува 6.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 10 (десет) месеци во студиската година, почнувајќи од октомври и заклучно со јули.

3. Правото на користење на стипендијата трае доколку редовно се исполнуваат условите заклучно со завршувањето на студиите од првиот циклус.

4. Правата и обврските на добитниците на стипендијата ќе се утврдат со договор. Стипендијата ќе се продолжува секој семестар под услов, начин и постапка утврдени во договорот за доделување на стипендијата.

5. Како критериум во рангирањето, освен просечниот успех во студирањето, е и материјалната состојба на студентите (*Прилог бр. 1: Критериуми за рангирањето*).

6. *Потребни документи:*

   - пријава (*образец бр. 1*),
   - биографија (CV),
   - уверение за редовно запишани семестри од почетокот на студиите,

- потврда од факултетот за бројот на освоени кредити од вкупно запишаните по семестри, заклучно со есенскиот испитен рок во учебната 2017/2018 г., без запишување предмет по трет пат,
- уверение за положени предмети со постигнат среден успех,
- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата за оваа година, односно за пензионираните членови на семејството да се достави документ за висината на пензијата - чек; за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или од друга институција,
- уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи за претходната година за родителите/старателите на кандидатот, поединечно и лично за кандидат,
- изјава од кандидатот дека не е корисник на друга стипендија (ослободувањето од школарина не се зема предвид, туку само стипендии од МОН, приватни компании и сл.) (*образец бр. 2*),
- изјава од кандидатот за вистинитоста на доставените документи и податоци (*образец бр. 3*),
- изјава за согласност за обработка и користење на личните податоци на кандидатот и неговото потесно семејство (*образец бр. 4*),
- изјава за бројот на членови на потесното семејство на кандидатот (*образец бр. 5*)

Обрасците може да се преземат од интернет-страницата: www.sf.ukim.edu.mk, односно се интегрален дел од објавата на овој интерен конкурс.

Потребните документи кон пријавата на интерниот оглас се доставуваат во копија.

7. Пријавите, со потребната документација, се поднесуваат во рок од 15 (петнаесет) денови од денот на објавувањето на Конкурсот на огласната табла и интернет-страницата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје.

Документите се поднесуваат во плик со формат А4 во Архивата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје, или по пошта, на следнава адреса:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, ул. „16-та Македонска бригада“ бр. 1 (п. фах 235), 1000 Скопје, со назнака: (за Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“)

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**
**во име на**
**Фондација „Атанас Близнакоф“ при**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Скопје, 28.3.2019 година**

Бр. 12 – 276/3
15.2.2019 година
Скопје

Врз основа на член 11, став 1, алинеја 7 од Статутот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 12-350 од 21.4.2011 година, член 8 од Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година, Одборот на Фондацијата на седницата одржана на 15.2.2019 година донесе

**ОДЛУКА**

**за доделување на стипендии на редовни студенти од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од Фондацијата „Атанас Близнакоф"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства за стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ на редовни студенти од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои имаат запишано најмалку трет семестар во учебната 2018/2019 година.

На секој факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се доделуваат по 5 стипендии.

Висината на секоја поединечна стипендија изнесува 6.000,00 денари/месечно и се исплатува 10 месеци во студиската година почнувајќи од октомври и заклучно до јули.

**Член 2**

Постапката за распределба на стипендиите од член 1, став 2 на оваа Одлука ја спроведува факултетот врз основа на распишан интерен конкурс и критериуми за доделување на стипендиите кои се утврдени во Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година.

**Член 3**

По спроведената постапка од член 2 на оваа Одлука, изборот на кандидатите го врши факултетот за што донесува одлука за избор на 5 (пет) добитници на стипендија од Фондацијата „Атанас Близнакоф“.

Изборот го потврдува Одборот на Фондацијата кој донесува одлука за потврдување на изборот за добитниците на стипендијата.

Доколку за некој стипендист Одборот на Фондацијата не го потврди изборот, од Факултетот ќе побара нов предлог за стипендист од листата на веќе пријавените кандидати.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Фондација „Атанас Близнакоф"**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Претседател**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар на УКИМ: м-р Марија Маневска

**Прилог бр. 1**

<u>*Критериуми за рангирањето*</u>

- Кандидатите кои ќе конкурираат за студентска стипендија треба да ги исполнуваат следните општи услови:
  - да се редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус, 4-годишни студии или 3-годишни студии (*се докажува со потврда за редовен студент*),
  - да имаат постигнат просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 7.50, за студенти запишани на факултетите од природните науки, инженеринг и технологија согласно Меѓународната фраскатиева класификација (односно природно-математички науките и техничко-технолошките науки); (*се докажува со потврда за положени испити, од единицата*),
  - постигнат просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.00, за студенти запишани на другите факултети (*се докажува со потврда за положени испити, од единицата*).
  - материјално помалку обезбеден (*се докажува со потврда од Управата за јавни приходи*)
  - студентот да не е корисник на друга стипендија (*се докажува со изјава од студентот дека не е корисник на друга стипендија*).

- Рангирањето на студентите се врши согласно остварени бодови кои може да изнесуваат најмногу до вкупно 100 бода.

  Од вкупниот број бодови:
  - за материјалната состојба на студентите се добиваат најмногу до 60 бода
  - за постигнатиот успех во студирањето се добиваат најмногу до 40 бода.

По основ на **материјалната состојба на студентите**, бодовите се добиваат на следниот начин: се пресметуваат процентите од приложената табела врз просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последниот месец утврдена од Државниот завод за статистика.

Студентот остварува бодови врз основа на материјалната состојба согласно опсегот во кој се наоѓа просечниот месечен приход по член на семејството на студентот спрема следната табела.

| опсег на примања (процентите се пресметуваат врз просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последниот месец) | остварени бодови |
|---|---|
| помалку од 35 % | 60 бодови |
| од 35 % до 45 % | 50 бодови |
| од 45 % до 55 % | 40 бодови |
| од 55 % до 65 % | 30 бодови |
| од 65 % до 75 % | 20 бодови |
| повеќе од 75 % | 0 бодови |

При пресметките се зема просечниот месечен приход по член на семејството на студентот врз основа на:

- нето плати на сите членови на семејството кои живеат во заедница (доколку остваруваат плата или пензија),
- приходите по разни други основи остварени во претходната календарска година (прикажани во образецот од Управа за јавни приходи).

По основ на **успехот остварен во текот на студирањето**, бодовите се добиваат врз основа на формулата:

*бодови од остварен успех = 4 х просечен успех*[1]

➢ Од страна на Факултетот:
- се врши прием и проверка на документацијата од кандидатите,
- се изготвува конечн список на студентите (ранг листа),
- се донесува одлука за избор на 5 студенти и истата се доставува до Одборот на Фондацијата заради потврдување на изборот
- Договорот за стипендија го склучуваат студентот и Одборот на Фондацијата.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

*) *Просечниот успех се пресметува како збир на оценките од сите положени предмети поделен со бројот на положени предмети*

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

Образец бр. 1

## ПРИЈАВА

(ја пополнува кандидатот)

од ________________________________, студент на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

(име и презимена кандидатот) (факултет)

Се пријавувам на Конкурсот за доделување 5 (пет) стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на интернет-страницата и огласната табла на Шумарски факултет-Скопје на 25.3.2019 година и ги доставувам следните документи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | биографија (CV) | ДА<br>НЕ |
| 2 | уверение за редовно запишани семестри, од почетокот на студиите | ДА<br>НЕ |
| 3 | потврда од факултетот за бројот на освоени кредити од вкупно запишаните по семестри, заклучно со есенскиот испитен рок во учебната 2017/2018 г., без запишување предмет по трепат | ДА<br>НЕ |
| 4 | уверение за положени предмети со постигнат среден успех | ДА<br>НЕ |
| 5 | потврди за остварена плата на вработените членови на семејството, односно за пензионираните членови на семејството документ за висината на пензијата - чек; за браќа/сестри кои се ученици/студенти потврда од училиштето, односно факултетот или од друга институција | ДА<br>НЕ |
| 6 | уверение од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по разни основи за претходната година за родители/старатели на кандидатот, поединечно и лично за кандидатот | ДА<br>НЕ |
| 7 | изјава од кандидатот дека не е корисник на друга стипендија | ДА<br>НЕ |
| 8 | изјава од кандидатот за вистинитоста на доставените документи и податоци | ДА<br>НЕ |
| 9 | изјава за согласност за обработка и користење на личните податоци на кандидатот и неговото потесно семејство | ДА<br>НЕ |
| 10 | изјава за бројност на членови во потесното семејство на кандидатот | ДА<br>НЕ |

Е-пошта: _____________________

Телефон за контакт: _____________

Кандидат,

_____________

(потпис)

Врз основа на член 4, став 1, алинеја 12 и член 102 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 124/2015) и Решението за овластено службено лице на Шумарски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-432/1 од 31.8.2018 година, се издава следнава

# УВЕРЕНИЕ

за редовно запишани семестри

Г-дин/г-ца ____________________________________, роден/а на ________________

(име и презиме) (датум)

година во ___________________________, редовен студент на Универзитетот „Св. Кирил и

(место на раѓање)

Методиј“ во Скопје – Шумарски факултет во Скопје, првпат запишан на **прв циклус** студии на студиската програма ________________________________________________ во академската _____________ година, заклучно со летниот семестар од академската 2018/2019 година редовно запишува семестар и досега го нема загубено и обновено статусот студент.

Потврдата му се издава на негово барање за пријавување на конкурс за стипендија од фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Правна поука: Странката има право на приговор до деканот на Факултетот во рок од 15 денови од денот на доставувањето. Приговорот може да се достави преку архивата на Факултетот, по пошта на адреса: ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, Скопје, или на е-пошта: sumarski@sf.ukim.edu.mk

**Овластено службено лице**

____________________

**(име и презиме)**

____________________

**(потпис)**

Врз основа на член 4, став 1, алинеја 12 и член 102 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 124/2015) и Решението за овластено службено лице на Шумарски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-432/1 од 31.8.2018 година, се издава следнава

# ПОТВРДА

за запишани и освоени кредити

Г-дин/г-ца ________________________________________, роден/а на _____________

(име и презиме) (датум)

година во ________________________, редовен студент на Универзитетот „Св. Кирил и

(место на раѓање)

Методиј“ во Скопје – Шумарски факултет во Скопје, првпат запишан на прв циклус студии на студиската програма ____________________________________ во академската ____________ година, заклучно со есенскиот испитен рок во 2018 година од запишаните ___________ кредити има освоено вкупно ____________ кредити.

(со број) (со број)

Во текот на студиите студентот напредувал според следната динамика:

| Реден број | Академска година | Зимски семестар | | Летен семестар | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Запишани кредити | Освоени кредити | Запишани кредити | Освоени кредити |
| 1 | 2017-2018 | | | | |
| 2 | 2016-2017 | | | | |
| 3 | 2015-2016 | | | | |
| 4 | 2014-2015 | | | | |
| Вкупно | | | | | |

Во текот на студирањето студентот _________ запишано предмет по третпат.

(нема / има)

Потврдата му се издава на негово барање за пријавување на конкурс за стипендија од фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Правна поука: Странката има право на приговор до деканот на Факултетот во рок од 15 денови од денот на доставувањето. Приговорот може да се достави преку архивата на Факултетот, по пошта на адреса: ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, Скопје, или на е-пошта: sumarski@sf.ukim.edu.mk

**Овластено службено лице**

_____________________

**(име и презиме)**

_____________________

**(потпис)**

Образец бр. 2

ИЗЈАВА

(ја пополнува кандидатот)

Јас, ______________________________________________________

(име и презиме на кандидатот)

со ЕМБГ: ___________________________, со постојано место на живеење на адреса:

__________________________________________ во населено место: ______________

(улица и број)

општина: ___________________, изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека не сум корисник на стипендија или кредит од други установи, институции или компании.

Изјавата ја приложувам да послужи како доказ при разгледување на документацијата за Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на огласната табла и интернет-страницата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје на 28.3.2019 г.

Датум: _________ 2019 г.

Изјавил,

______________________

(потпис)

Образец бр. 3

ИЗЈАВА

(ја пополнува кандидатот)

Јас, ___________________________________________________

(име и презиме на кандидатот)

со ЕМБГ: __________________________, со постојано место на живеење на адреса:

________________________________________ во населено место: _____________

(улица и број)

општина: __________________, изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците кон пријавата (Образец бр. 1) и приложената документација којашто се бараше согласно со Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на огласната табла и интернет-страницата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје на 28.3.2019 г. во целост се вистинити и одговараат на мојата реална состојба.

Изјавата ја приложувам да послужи како доказ при разгледување на документацијата за Конкурсот.

Датум: ________ 2019 г.

Изјавил,

_____________________

(потпис)

Образец бр. 4

ИЗЈАВА
за обработка и користење на личните податоци
на кандидатот и неговото потесно семејство
(ја пополнува кандидатот)

Лицето ________________________________________ од __________________________
(име и презиме на кандидатот) (населено место/општина)

како субјект на лични податоци дава СОГЛАСНОСТ за обработка на неговите лични податоци, како и други податоци потребни за Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на огласната табла и интернет-страницата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје на 28.3.2019 г.

Датум: _________ 2019 г.

Изјавил,

______________________
(име и презиме)

______________________
(потпис)

Образец бр. 5

ИЗЈАВА
за бројност на членови во потесното семејство на кандидатот
(ја пополнува кандидатот)

Лицето ________________________________________ од ___________________________
(име и презиме на кандидатот) (населено место/општина)

како кандидат за добивање стипендија согласно со Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на огласната табла и интернет-страницата на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје на 28.3.2019 г., изјавува под морална, материјална и кривична одговорност дека потесното семејство брои __________ (_____) членови.
(со букви) (со број)

Датум: ________ 2019 г.

Изјавил,

____________________
(име и презиме)

____________________
(потпис)